С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА КРУШЕВО
25.06.2025 год. Бр.VII

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 62-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 24.06.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 62-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.06.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-742/1 од 25.06.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 62-та седница, одржана на 24.06.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 61-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 27.05.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-707/3 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/2024), член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево„ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019, 7/2020 и 6/2025), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), Советот на Општина Крушево на својата 62-та седница одржана на ден 24.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Крушево**
согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија", како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската

Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “**Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023),

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Крушево за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Крушево, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Крушево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Крушево да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Крушево до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-707/4 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19; 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за давање на времно користење на недвижна ствар

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, деловен простор бр.9 во склоп на градскиот пазар на ул.”Илинденска” бб Крушево, сопственост на Општина Крушево, врз основа на Имотен лист бр.100183, КП бр.6012/1 КО Крушево на Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Деловниот простор од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење за период од 5 (пет) години.

**Член 3**

Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија е должно да се грижи совесно и домаќински при користење на деловниот простор.

**Член 4**

Примопредавањето на деловниот простор ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое е дадено на користење, деловниот простории треба да се предаде на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Градначалникот на Општина Крушево ќе склучи мемеорандум за соработка со министерот за дигитална трансформација на Република Северна Македонија со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-707/5 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото**
**на сопственост на**
**движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари од Општина Крушево на ЈП „Комуна” Крушево без надомест и тоа:

- 19 пластични контејнери од 1100 литри капацитет за комунален отпад од кои 9 со сина боја со капаци и 10 со жолта боја со капаци и
- 47 пластични канти од 120 литри капацитет за комунален отпад од кои 24 со жолта боја и 23 со сина боја.

Општина Крушево контејнерите и кантите опишани во став 1 на овој член ги има добиено од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.50-2799/50 од 01.04.2025 година.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директоротот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-707/6 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 4 и 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 5; 8б и 8в, од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и “Сл.весник на РСМ“ бр.275/19; 82/20; 89/22: 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 33 и 38 и член 132 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на парични средства**
**на ЈП „Комуна“ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крушево, како основач, одобрува да се доделат парични средства на ЈП “Комуна” Крушево од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 1.500.000,00 денари ЈП "Комуна" Крушево должна е да ги користи за преземање на мерки со кои ќе се спречи палењето на депонијата и ќе се заштити животната средина со тоа што ќе се искористи вода од река во близина преку спроведување на црево до депонијата.

**Член 3**

ЈП "Комуна" Крушево е должна наменски да ги потроши средствата од член 2 на оваа Одлука, согласно одредбите за транспарентност и водење на сметководствена евиденција од Законот за јавните претпријатија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-707/7 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 14 став 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 12 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Општина Игал-Република Унгарија и Општина Крушево Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за потпишување на Меморандум за соработка и размена на искуства, помеѓу Општина Игал-Република Унгарија и Општина Крушево-Република Северна Македонија.

**Член 2**

Соработката помеѓу општините се однесува на воспоставување на взаемна соработка во областите поврзани со развојот на локалните самоуправи, културата, туризмот, образованието, спортот и останати дејности кои се од интерес на жителите на двата града.

Со заедничките активности ќе се организираат меѓусебни средби, а ќе работат и на унапредување на меѓусебната соработка, размена на искуства и организирање на манифестации и настани во организација на потписниците.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Крушево, м-р Томе Христоски да го потпише меморандумот за соработка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-707/8 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ" бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07; 16/2014; 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа за време на манифестацијата:

-Научно културни средби Десет дена Крушевска Република во деновите 01, 02 и 03.08.2025 година;

- „WHEN IN KRUSEVO" на 08 и 09.08.2025 година;

-„Крушево низ Корија“ на 16.08.2025 година;

-8-ми Септември ден на независноста на Републиката и ден на ослободување на Крушево на 05, 06 и 07.09.2025 година;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-707/9 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 183 став 3, 5 и 6 и член 194 од Законот за социјалната заштита ("Сл.весник на РСМ" бр.104/2019; 146/2019; 275/2019; 302/20; 311/2020; 163/2021; 294/2021; 99/2022; 236/2022 и 65/2023) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево, на сендицата одржана на 24.06.2025 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за предлог на член на УО во ЦСР-Крушево

1. За член на УО на Центарот за социјална работа Крушево, вработен во општинската администрација, Советот на Општина Крушево ја предлага:
   - Еленица Љума;

2. Мандатот на членот на УО трае 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од решението да се достави до Министерство за социјална политика, демографија и млади-Центар за социјална работа Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-707/10 од 24.06.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 62-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 61-та седница на Советот на Општина Крушево ......... 1
3. Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Крушево ....... 1
4. Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар ...................................................... 2
5. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево ............................................................... 3
6.Одлука за доделување на парични средства на ЈП „Комуна" Крушево .................................................. 3
7. Одлука за потпишување на меморандум за соработка меѓу Општина Игал-Република Унгарија и Општина Крушево Република Северна Македонија ............................................................. 4
8. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти .......................................... 4
9. Решение за предлог член на УО во ЦСР-Крушево ................................................................ 5
10. Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крушево ....... 5

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.